АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202-8930/6
01.12.2021година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 118-та редовна седница одржана на ден 01.12.2021година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Посебните услови за комбинирано осигурување трговски друштва – бизнис комплет**

(1) Се вршат измени и дополнувања на Посебните услови за комбинирано осигурување трговски друштва – бизнис комплет, и тоа:

**1. Во членот 32,** став (3), во точката 8, се бришат зборовите „ Прснување на мускули“ и запирката по зборовите;

**2. Во членот 35,** став (2), во втората реченица, по зборот „содржи:“ натамошниот дел од реченицата се менува така што гласи:
„ - почетна документација од првиот лекарски преглед на денот на незгодата, односно првиот лекарски преглед по незгодата;
- сите лекарски извештаи и наоди издадени во тек на лекувањето.“

**3. Во Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода)**:

**3.1. Во точката 124,** се менуваат процентите на инвалидитет во потточката „а“ и потточката „б“ така што:

3.2. Во потточката а, процентот од „4%“ се заменува со процент од „2%“,

3.3. Во потточката б, процентот од „8%“ се заменува со процент од „4%“.

**4. Се менува точката 174,** така што процентот од 4% се брише и се додаваат две нови потточки, со следниот текст и содржина:
„а) во лесен степен (до 1/2 од функцијата на зглобот) 2%
б) во силен степен (над 1/2 од функцијата на зглобот) 4%. “

**5. Во точката 177**се бришат зборовите „на Ахилова тетива“,

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Посебните услови за комбинирано осигурување трговски друштва – бизнис комплет.

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и се применува од истиот ден.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
*м-р Марија Томеска*